# ПЛАТЕЖНА КАРТИЧКА

ВО СОРАБОТКА СО

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Што е платежна картичка?

Платежната картичка ја користиме како средство за плаќање кога сакаме нешто да купиме или да платиме. Може да биде дебитна или кредитна. Со дебитната картичка ги трошиме нашите пари што сме ги вложиле претходно во банката, а со кредитната картичка трошиме пари одобрени од банката што треба во иднина да ѝ ги вратиме. Сите платежни картички се издадени од банки или други финансиски институции. Платежните картички претставуваат електронски средства за плаќање и имаат информации за паричните средства на имателот на картичката. Тие информации се поврзани со компјутерскиот центар во банката во која е издадена картичката. Поради сево ова треба да внимаваме како ги користиме платежните картички.





## Дали сте знаеле дека...

**Првите платежни картички**
– Поимот платежна картичка за првпат бил употребен во 1887 година, во еден футуристички роман на американски писател кој прогнозирал дека во 2000 година, меѓу другото, ќе постои картичка која ќе служи за безготовинско плаќање. Првите платежни картички се појавиле во Соединетите Американски Држави во 1894 година.



– Со кредитните картички денес се извршуваат над 90 отсто од електронските трансакции.

– Денес се користат голем број електронски картички. Сите се обични картички со разни додатоци и со стандардна големина од 8,6 x 5,4 см.

## Дебитни картички

Со дебитните картички сопствениците плаќаат само ако имаат доволно пари на својата банкарска сметка. Сепак, повеќето банки даваат можност за одредено пречекорување на сметката, односно им овозможуваат на сопствениците на овие картички да плаќаат иако немаат пари на сметката, со што тие всушност користат кредит од банката.

## Кредитни картички

Кредитните картички се средство за плаќање со чисто кредитни карактеристики, односно сопствениците на картичките веднаш користат кредит од банката. Со други зборови, сопственикот има на располагање одреден износ за позајмување и штом го отплати долгот, кредитот повторно му се обновува.

Во наредниот број ќе видиме како може да се користи платежна картичка и што претставува банкомат.